РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ

Ул. „ Димитрие Чуповски “ бр.13
1000 Скопје
Република Македонија

**тел.:** +389 2 32 89 200
**факс:** +389 2 24 611

contact@aec.mk

# З А П И С Н И К

Од четиринаесетиот состанок на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации одржан на 25.11.2011 година со почеток во 17:00 часот

Четиринаесетиот состанок на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации, свикан од Претседателот на Комисијата се одржа на 25.11.2011 година во просториите на Агенцијата за електронски комуникации.

На состанокот присуствуваа:

1. Претседател на Комисијата г-ѓа Гордана Клинчарова
2. Членот на Комисијата г-н Петар Есмеров,
3. Членот на Комисијата г-н Горан Велинов,
4. Членот на Комисијата г-н Славе Веловски,
5. Членот на Комисијата г-н Газменд Ајдини,
6. Директорот на АЕК г-н Роберт Орданоски,
7. Шефот на Кабинет на Директорот г-н Владимир Ристевски;
8. Соработникот за правни работи во својство на записничар г-ѓа Бојана Стефановска;

На состанокот беше предложен и усвоен следниот дневниот ред:

1. Усвојување на записникот од тринаесетиот состанок на Комисијата на АЕК оддржан на 14.11.2011 г. и усвојување на дневниот ред;

   Записникот и дневниот ред беа едногласно усвоени;

2. Презентација на програмата за работа на АЕК за 2012 година;

   Програмата за работа беше презентиран од страна на шефот на кабинет на Директорот г-дин Владимир Ристевски кој ја образложуваше пооделно по сектори и проекти како и поединечно целта за секој проект и очекуваните резултати, по што беше прифатена од Комисијата на АЕК.

3. Презентација на финансискиот план на АЕК за 2012 година;

   Откако беше презентиран финансискиот план по ставки и истиот Комисијата го усвои и се одлучи заедно со програмата за работа за 2012 година да се испечатат и поднесат до Собрание на Република МАкедонија во законски предвидениот рок и тоа 30.11.2011г.

4. Разно.

   Под оваа точка Комисијата се договори од наредниот состанок со цел да се заштеди на печатење на материјалите, истите да се праќаат до членовите по електронски пат и целата комуникација да се одвива на овој начин.

   Исто така се предложи да се набават апликации потребни за работа на iPad-овите, како оваа комунација може да се одвива непречено.

   Претседателот на Комисијата г-ѓа Гордана Клинчарова сугерираше до раководството на Агенцијата да се предложат одредени измени на Законот за електронски комуникации и тоа амандмански.

Состанокот заврши во 21:00 часот.

Гордана Клинчарова, Претседател

Петар Есмеров, член

Горан Велинов, член

Славе Веловски, член

Газменд Ајдини, член

Наш број ____________

Скопје ______________